ЕВАЛУАЦИЈА

**Претставки и предлози за периодот од јануари до декември 2016 година**

Во Агенцијата за храна и ветеринарство, преку одделението за заштита на потрошувачи анализирани се причините и прашањата /опасностите и ризиците/, на кои се укажува во претставките и предлозите, евидентирани во базата податоци, поднесени од граѓаните во областа на безбедноста на храната и ветеринарството, за периодот од јануари до декември 2016 година. Анализата на определен начин ја покажува перцепцијата на граѓаните за опасностите и ризиците од храната. Бидејќи здравјето на животните и здравјето на луѓето се препознава како едно здравје направената анализа и евалуација ги опфаќа и претставките и предлозите и од областа на здравствената заштита и благосостојба на животните. Анализирани се и податоци кои укажуваат на ажурноста на Агенцијата во постапувањата по претставките и предлозите. Направени се и споредбени анализи со податоци од претходните години.
Извршената евалуација го покажува следното:

**Во 2016 година, во базата на податоци кои се однесуваат на постапувањата по претставките и предлозите вкупно се евидентирани 316 претставки.**
**144 од поднесените претставки или 46% се сметаат за основани, односно со потврдени наводи, додека 172 или 54% се сметаат за неосновани, односно со непотврдени наводи. Најголем број од претставките 190 претставки или 60% од вкупно поднесените претставки се однесуваат на храната од не животинско потекло. 36 претставки, односно 11% се однесуваат на храната од животинско потекло. 90 претставки односно 29% од поднесените претставки се однесуваат на прашања од здравствената заштита и благосостојба на животните.**

## 1. <u>Поднесени претставки во 2016 по инспекциски области и основаност</u>

| Претставки во 2016 година по снованост и по сектори | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | Основани | | Неосновани | | Вкупно | |
| | *Број* | *%* | *Број* | *%* | *Број* | *%* |
| ДИХНП | 80 | 42% | 110 | 58% | 190 | 60% |
| ДИВЈЗ | 14 | 39% | 22 | 61% | 36 | 11% |
| ДИЗЗБЖ | 51 | 57% | 39 | 43% | 90 | 29% |
| ВКУПНО | 145 | 46% | 171 | 54% | 316 | 100% |

*ДИХНП – Државна инспекција за храна од неживотинско потекло
*ДИВЈЗ- Државна инспекција за ветеринарно јавно здравство (храна од животинско потекло)
*ДИЗЗБЖ- Државна инспекција за здравствена заштита и благосостојба на животните






## 2. <u>Споредбен приказ на бројот на поднесени претставки и предлози по години</u>

| Година | Број на претставки |
|---|---|
| 2007 | 188 |
| 2008 | 91 |
| 2009 | 90 |
| 2010 | 221 |
| 2011 | 138 |
| 2012 | 195 |
| 2013 | 281 |
| 2014 | 362 |
| 2015 | 360 |
| 2016 | 316 |




<u>Споредбениот приказ покажува дека трендот на поднесување на претставки и предлози од граѓаните останува во нагорна линија</u>, иако бројката споредбено со минатата година е нешто помала. Имено доколку се вкрстат податоците од оваа база со податоци од одделенијата за инспекциски надзор ќе се добие поголема бројка, што најверојатно е резултат на тоа што сите претставки кои се примени во овие одделенија не се доставени за заведување во базата на централно ниво. Оттука се заклучува дека бројот на поднесени претставки се зголемува.

3. <u>Споредбен приказ на основаност на претставките по години</u>

| Година | Процент на основани претставки |
|---|---|
| 2012 | 66% |
| 2013 | 58% |
| 2014 | 52% |
| 2015 | 39% |
| 2016 | 46% |




Бидејќи пет години наназад односно од 2012 година се водат податоци за основаноста на претставките направена е анализа на процентот на основани претставки, односно претставки во кои се потврдени наодите.

<u>Анализата покажува тренд на опаѓање, но сепак во 2016 година бројот на основани претставки е зголемен во однос на бројот од 2015 година</u>.

**Се заклучува дека кај граѓаните постои изградена свест за значењето на безбедноста на храната и импактите врз здравјето /се зголемува интересот за поднесување претставки и предлози/, но истовремено граѓаните не се доволно, односно не се соодветно информирани за одредени прашања кои се однесуваат на безбедноста на храната, со што се зголемува процентот на неосновани претставки, иако во 2016 споредбено со 2015 година овој процент е поголем.**

**<u>Се препорачува - Агенцијата</u> да го интензивира анимирањето на сите активности кои се однесуваат на безбедноста на храната и активностите од областа на ветеринарството, со тоа што во иднина да се создадат планови за соодветно, континуирано и планирано информирање и едуцирање на граѓаните. Оваа препорака беше дадена и минатата година.**

## 4. Претставките се поднесувани усно, писмено и електронски

Во Агенцијата за храна и ветеринарство на Република Македонија функционира бесплатната телефонска линија за граѓаните. Тие може да пријават неправилности во областа на безбедноста на храната, здравствената заштита и благосостојба на животните и да дадат предлози. Јавувањата се снимаат, а граѓанинот може да остане анонимен, но доколку остави податоци добива писмено известување од Агенцијата за преземените мерки.На бесплатната телефонска линија во 2016 година, поднесени се околу 108 претставки, односно околу една третина од претставките, што е еднакво на минатата година.

**Бесплатна телефонска линија**




**Се смета дека оваа линија е добра алатка за комуникација со граѓаните.** Во таа насока можеби е добро да се анимира овој телефонски број со негово истакнување во малопродажната мрежа.

5. **<u>Приказ на претставките според наводите</u>**

| Наводи во претставките | Број на претставки |
|---|---|
| Хигиенски мерки, ДХП, ДПП, HACCP /контролни системи/ | 57 |
| Поминат рок на употреба | 35 |
| Загадувачи /контаминенти и резидуи | 27 |
| Органолептички изменети својства | 33 |
| Без одобрение/ регистрација | 6 |
| Квалитет и измама и заблуда | 18 |
| Сомнеж за труење со храна | 30 |
| Несоодветно означување | 12 |
| Небезбедна вода за пиење | 8 |
| Здравствена заштита и благосостојба на животните | 90 |
| Вкупно | |




<u>Најмногу од претставките</u> што ги поднеле граѓаните во периодот од 01.01. 2016 до 31.12.2016 година, кои се во областа на безбедноста на храната се однесуваат на:

- Неодржување на контролни системи од страна на производителите кои се однесуваат на ДХП /добрите хигиенски пракси,/ ДПП /добрите производни пракси/

- Поминат рок на употреба на прехранбени производи

- Органолептички изменети својства /изглед, мирис и вкус/
- Сомнеж за труење со храна
- Контаминенти и резидуи
- Квалитет на храната и измама и заблуда на потрошувачите
- Несоодветно означување

**<u>Во врска со ваквата перцепција на граѓаните се препорачува да се планираат и превземат посебно активности кои се однесуваат на:</u>**

a) проверка на контролните системи воспоставени од страна на бизнисите со храна /аудит/ и други активности кои ќе помогнат во одржувањето на контролните системи од страна на бизнис операторите
b) при контролите да се вклучат активности за контрола на контаминенти и резидуи; проверка на органолептичките својства на храната, контроли на означувањето во насока на рок на употреба, квалитет и истакнување на податоци во означувањето што ги доведуваат потрошувачите во измама и заблуда
c) бидејќи голем процент од претставките се од областа на здравствената заштита и благосостојба на животните во секторот да се разработат планови и да се планираат контроли по прашањата што ги засегаат граѓаните.

Се очекува дека сите сектори во АХВ при планирањето на активностите ќе ги земат во предвид ризиците и опасностите на кои укажуваат граѓаните /перцепцијата на граѓаните за ризиците и опасностите од храната/.
Се смета дека е добро да се изнајдат начини да се информираат граѓаните дека овие контроли Агенцијата ги планира и реализира врз основа на укажувањата на граѓаните во поднесените претставки и предлози.

6. **<u>Приказ на постапувањата и исходите по претставките и предлозите</u>**

| | |
|---|---|
| Број на примени претставки /жалби и предлози од граѓаните | 316 |
| Мостри | 30 |
| Решенија | 50 |
| Постапки за едукација | 24 |
| Постапки за порамнување/глоба | 15 |
| Прекрошочни пријави | 2 |
| Уништена храна | 7780 кг |



7. <u>Претставки по кои не е постапено /во процент од вкупниот број на поднесени претставки по години</u>

| Година | Процент на претставки по кои не е постапувано |
|---|---|
| 2012 | 5% |
| 2013 | 3% |
| 2014 | 12% |
| 2015 | 13% |
| 2016 | 20% |




7.1 Претставки по кои не е постапувано по инспекциски служби

| Инспекции | Процент на претставки по кои не е постапувано |
|---|---|
| ДИХНП | 8% |
| ДИВЈЗ | 28% |
| ДИЗЗБЖ | 43% |



Анализата на податоците покажува дека бројот на претставки по кои Агенцијата не постапила има тенденција на раст, имено ако во 2012 и 2013 година не се постапило само по 5%, односно 3% од поднесените претставки, во 2015 тој процент се искачил на 13% за во 2016 да изнесува 20% .

ПО ОБЛАСТИ

ДИХНП /Најнизок е процентот на непостапени претставки во областа на храна од неживотинско потекло, 8%, иако во оваа област се поднесени најмногу претстави, 190 претставки, односно 60% од вкупно поднесените претставки.

ДИВЈЗ/Се смета за висок процентот на непостапени претставки во областа на ветеринарното јавно здравство (храна од животинско потекло), кој изнесува 28%, иако бројот на поднесени претставки е најмал, односно 36 претставки или 11% од вкупно поднесените претставки.

ДИЗЗБЖ/Се смета за сериозно висок процентот на непостапени претставки во областа на здравствената заштита и благосостојба на животните кој изнесува 43 % . Во оваа област се поднесени 90 претставки, односно 29 % од вкупната бројка на поднесени претставки.

**Бидејќи трендот на поднесувањето на претставките и предлозите е во нагорна линија, односно со секоја година се зголемува бројот на поднесени претставки и предлози, а ажурноста во постапувањето се намалува, односно се зголемува бројот на претставки по кои не се постапува се препорачува да се преземат мерки за зголемување на ажурноста на Агенцијата во постапувањето по претставките и предлозите.**